КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Бр. 02 - 72/6 13.02.2021 год. СКОПЈЕ

Врз основа на член 109, 115 од Законот за градење, член 12 и 20 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери (во натамошниот текст Комора), Собранието на Комората, на 13.2.2021 го донесе следното

# УПАТСТВО

за избор на Претседател и Потпретседател на Комората на овластени архитекти и овластени инженери

**Општи одредби и услови за избор на Претседател и Потпретседател на Комората**

**Член 1**

(1)За Претседател и Потпретседател на Комората може да се кандидира исклучиво активен член на Комората на денот на кандидирање.

(2)Со цел да се постигне фер и правилната застапеност од професионалните одделенија во раководните органи на Комората, се препорачува изборната функција Претседател и Потпретседател на Комората да ротира по одделенија, согласно ротационата шема за носители на изборни функции во Комората, доколку истата се донесе.

(3) При предлагањето на Претседател и Потпретседател на Комората, да се има предвид законската обврска од член 109 став 5 за правична застапеност на заедниците во органите на Комората.

(4)Согласно член 115 од Законот за градење, изборната функција Претседател на Комората е професионална работна позиција, со мандат од 4 години согласно член 8 од Статутот на Комората.

(5)Претседателот и Потпретседателот на Комората не смеат да бидат од исто матично професионално одделение. Во случај ако се избрани Претседатал и Потпретседател на Комората од исто одделение, изборот за Потпретседатал е неважечки и се повторува.

(6) Изборите за Претседател и Потпретседател на Комората ги распишува Собранието на Комората.

**Член 2**

**Комисија за избор на Претседател и Потпретседател на Комората**

(1)Изборите ги спроведува Комисијата за избор на Претседател и Потпретседател на Комората, именувана од Собранието на Комората.

(2)Изборната комисија од став 1 од овој член ги донесува одлуките со мнозинство гласови од присутните членови.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМОРАТА

### Кандидирање за Претседател на Комората

### Член 3

(1)Избори за Претседател на Комората се распишуваат најмалку 60 дена пред состанокот на Собранието за избор на Претседател на Комората.

(2)Објавата за избори за функцијата Претседател на Комората се врши преку оглас, објавен на веб страната на Комората. Огласот се доставува електронски до сите активни членови на Комората, истиот ден кога е објавен на веб страната на Комората.

(3)Кандидатите за Претседател на Комората ги поднесуваат своите кандидатури до Комисијата за избор од член 2 од ова упатство по писмен или електронски, во рок не подолг од 20 дена од објавата на огласот на веб страната на Комората, а согласно одлуката од изборната комисија од член 2 став 1 од ова упатство.

(4)Доколку кандидатот е член на повеќе одделенија во Комората, истиот може да биде предложен од било кое одделение во кое членува, а останатите одделенија имаат право да предложат друг кандидат.

(5)Секоја кандидатура, задолжително треба да содржи биографија за кандидатот и четиригодишна програма за работа на Комората. Доколку кандидатурата не содржи еден од овие два документи, кандидатурата е неважечка.

(6)Комисијата за избор на Претседател на Комората од член 2 од ова упатство потврдува дали кандидатите ги задоволуваат условите за избор и соодветно ги известуваат пријавените кандидати и раководителот на секое од професионалните одделенија од каде произлегува кандидатот.

### Избор на одделенски кандидат за Претседател на Комората

### Член 4

(1)Раководителот на одделението каде членува предлог кандидатот за Претседател на Комората, во негово отсуство заменик раководителот, а во нивно отсуство или неактивност Претседателот на Комората, задолжително, пред изборното Собрание закажуваат состанок на професионалното одделение каде се поканувааат избраните претставници од одделението во Собранието на Комората, и кандидатите за Претседател на Комората од соодветното одделение.

(2)Согласно член 115 став 2 од Законот за градење, секое професионално одделение може формално до Собранието да предложи само еден кандидат за Претседател на Комората. Изборот за кандидат за

Претседател на Комората од одделението го вршат избраните претставници од одделението во Собранието на Комората, кои се присутни на изборниот состанок.

(3)Раководителот на професионалното одделение овозможува обраќање на секој од кандидатите за Претседател до присутните.

(4)Изборот на кандидат за Претседател на Комората од одделението се бира со јавно гласање. За избран се смета кандидатот кој добил мнозинство гласови од присутните избрани претставници во Собранието на Комората. Доколку ниту еден кандидат не го добие потребното мнозинство, гласањето се повторува во втор круг само за двајцата кандидати со најмногу добиени гласови во првиот круг. За избран се смета кандидатот кој добил мнозинство гласови од присутните избрани претставници во Собранието на Комората.

## Избор на Претседател на Комората од Собранието на Комората

### Член 5

(1)Секое одделение, по завршената постапка на одделението од член 4 од ова упатство, ја доставува официјалната кандидатура за Претседател на Комората до Комисијата за избор од член 2 од ова упатство.

(2)Комисијата за избор ја верифицира кандидатурата и составува изборна листа од кандидати од сите одделенија за Претседател на Комората.

(3)Изборната комисија од член 2 од ова упатство, со цел спроведување на незадолжителната ротациона шема за носители на изборни функции во Комората, може да предложи повлекување на еден или повеќе од предложените кандидати, а одлука за повлекување донесува исклучиво самиот кандидат за Претседател на Комората.

(4) Претседателот на Комората се бира со јавно гласање од претставниците во Собранието на Комората, согласно член 24 од деловникот за работа на Собранието на Комората. Гласањето може да биде и тајно доколку за тоа се изјаснило мнозинството од присутните членови на Собранието. Гласањето е секогаш тајно, во случај кога има повеќе од еден кандидат за Претседател на Комората, согласно член 25 од деловникот за работа на Собранието на Комората.

(5)За избран се смета оној кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број на претставници во Собранието на Комората.

(6) Доколку има повеќе кандидати за Претседател на Комората и ниту еден од нив не добие мнозинство гласови во првиот круг на гласање, гласањето се врши во втор круг каде влегуваат само двата кандидати со најголем број на добиени гласови.

## ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМОРАТА

### Кандидирање за Потпретседател на Комората

### Член 6

(1)Доколку одделението предлага кандидат за Потпретседател на Комората од своите редови, предлозите ги дава новоизбраниот раководител или заменик раководител на одделението во консултација со избраните претставници од одделението, а изборот на кандидатот се врши со јавно гласање со мнозинство гласови од присутните претставници од одделението.

(2)Името на предлог кандидатот за Потпретседател на Комората се доставува до изборната комисија од член 2 од ова упатство. Изборната комисија од член 2 од ова упатство ја финализира листата на кандидати за Потпретседател на Комората од сите одделенија и ја доставува до претставниците во Собранието на Комората.

(3)Изборната комисија од член 2 од ова упатство, со цел спроведување на незадолжителната ротациона шема за носители на изборни функции во Комората, може да предложи повлекување на еден или повеќе од предложените кандидати за потпретседател, а одлука за повлекување донесува исклучиво самиот кандидат за Потпретседател на Комората.

### Избор на Потпретседател на Комората од Собранието на Комората

### Член 7

(1)Потпретседателот на Комората се бира со јавно гласање од претставниците во Собранието на Комората, согласно член 24 од деловникот за работа на Собранието на Комората. Гласањето може да биде и тајно доколку за тоа се изјаснило мнозинството од присутните претставници во Собранието на Комората.

(2)За избран се смета оној кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број на претставници во Собранието на Комората.

(3) Доколку има повеќе кандидати за Потпретседател на Комората и ниту еден од нив не добие мнозинство гласови во првиот круг на гласање, гласањето се врши во втор круг каде влегуваат само првопласираните два кандидати за Потпретседател на Комората.

**Член 8**

**Жалбена постапка за изборот на Претседател и Потпретседатал на Комората**

(1) Право на жалба за изборниот процес на Претседател или Потпретседател на Комората имаат исклучиво претставниците од Собранието на Комората кои биле присутни на изборниот состанок, најдоцна до завршување на изборнот состанок. Жалбата се најавува јавно и усно, а се поднесува и писмен поднесок со кратко образложение за жалбата, кој задоложително вклучува објаснување која одредба од кој правен акт е повредена.

(2) Жалбената постапка ја води Комисијата од член 2 од ова упатство. Комисијата за жалби донесува одлука на самиот изборен состанок, а само во исклучителни ситуации, кога објективно не може да се донесе одлука во овој рок, рокот за одлука од комисијата се продолжува најмногу до 7 дена од приложената жалба.

**Член 9**

**Преодни и завршни одредби**

(1)Во случај кога од било кои причини не е избран нов Претседател или Потпретседател на Комората, на постојните носители на овие функции им продолжува мандатот до избор на нов Претседател или Потпретседател на Комората.

(2)Новата постапка за избор на нов Претседател или Потпретседател на Комората се закажува најдоцна во рок од 6 месеци од последниот состанок кога не е извршен изборот на Претседател односно Потпретседател на Комората.

(3)Ова упатство влегува во сила на денот на негово усвојување од Собранието на Комората и се објавува на веб страната на Комората.

(4)Со влегувањето во сила на ова упатство, престануваат да важат сите претходни одлуки кои ја регулирале материјата регулирана во ова упатство.

Скопје, 13.2.2021

Претседавач на Собранието на Комората

М-р Ива Џагора